Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТОТ НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за прометот на експлозивните материи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-816/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТОТ НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ

Член 1

Во Законот за прометот на експлозивните материи („Службен лист на СФРЈ“ број 30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно со член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија е преземен како републички, во членот 1 став 2 зборовите: „вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“ се заменуваат со зборовите: „одбраната на Република Македонија“, а зборовите „организации на здружен труд“ се заменуваат со зборот „претпријатија“.

Член 2

Во членот 4 став 1 зборовите: „односно во автономна покраина на чија територија имаат седиште“ се бришат.

Член 3

Во членот 5 зборот „самоуправни“ се брише.

Член 4

Во членот 8 став 2 зборот „југословенски“ се брише.

Член 5

Во членот 11 став 1 зборовите: „специјализираната организација на здружен труд или друга организација“ се заменуваат со зборовите: „специјализирано претпријатие или друго правно лице“.

Во ставовите 1 и 4 и во член 24 став 4 зборовите: „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „ми-

нистерот за внатрешни работи“, а зборовите: „тој функционер“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Во членот 11 ставот 3 се брише.

Член 6

Во членот 13 став 2 зборовите: „Службен лист на СФРЈ“ се заменуваат со зборовите: „Службен весник на Република Македонија“.

Член 7

Во членот 14 ставот 3 се брише.

Член 8

Во членот 24 став 2 зборовите: „надлежниот орган во републиката“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија“.

Во членот 4 зборовите: „сојузниот секретар за народна одбрана“ се заменуваат со зборовите: „министерот за одбрана“

Член 9

Во членот 32 зборовите: „вршат надлежните органи во републиката“ се заменуваат со зборовите: „врши Министерството за внатрешни работи“.

Член 10

Во членот 33 зборовите: „органот од член 32 на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи“.

Член 11

Во членот 34 став 1 зборовите: „120.000 до 450.000 динари“, се заменуваат со зборовите „100 до 250 плати.

Во став 2 зборовите: „1.000 до 25.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до десет плати“.

Во став 3 зборовите: „1.000 до 25.000“ се заменуваат со зборовите: „седум до десет плати“.

Член 12

Во членот 35 став 1 зборовите: „2.500 до 25.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „50 до 100 плати“

Во став 1 точка 1 зборот „самоуправни“ се брише“.

Во став 2 зборовите: „500 до 2.500 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до петнаесет плати“.

Член 13

Во членот 36 ставот 1 зборовите: „1.500 до 20.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „30 до 80 плати“

Во став 2 зборовите: „200 до 1.500 динари“ се заменуваат со зборовите: „три до дванаесет плати“.

Член 14

Во членот 37 зборовите: „400 до 2.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „една до две ипол плати“, а зборот „поединец“ се заменува со зборовите: „физичко лице“.

Член 15

Во членот 38 став 1 зборовите: „3.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „осум плати“.

Член 16

Во членот 4 став 1, членот 7 став 2, членот 15 став 2, членот 17 став 3, членот 21 став 2, членот 22 став 3, членот 24 став 3, членот 35 став 1 точки 7 и 10 зборовите: „надлежниот орган во Републиката“, односно „надлежниот орган“ се заменуваат со зборовите: Министерството за внатрешни работи“.

Член 17

Во членот 7 став 2, членот 15 став 2, членот 21 став 2, членот 22 став 3, членот 24 ставови 2 и 3, членот 32 и членот 35 став 1 точки 7 и 10 зборовите: „односно во автономната покраина“ се бришат.

Член 18

Во членот 10 ставови 1 и 3 и членот 34 став 1 точка 3 зборовите: „Социјалистичка Федеративна Република Југославија“ се заменуваат со зборовите: „Република Македонија“.

Член 19

Во членот 10 став 1 и членот 13 зборовите „сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи“.

Член 20

Во членот 31, членот 35 став 1 точка 16 и членот 37 став 1 точка 5 зборовите: „станица на милицијата“ се заменуваат со зборовите: „полициска станица“.

Член 21

Во целиот текст на Законот зборовите: „организација на здружен труд“, „организацијата на здружен труд“, „организации на здружен труд“ и „организациите на здружен труд“ се заменуваат со зборовите „Претпријатие“, „претпријатието“, „претпријатија“ и „претпријатијата“.

Член 22

Во целиот текст на Законот зборовите: „организации на здружен труд и на други организации“, „организации на здружен труд или други организации“, „организациите на здружен труд, други организации“ и „организација на здружен труд или на друга организација“ се заменуваат со зборовите: „претпријатија или други правни лица“, „претпријатијата или другите правни лица“ и „претпријатие или друго правно лице“.

Член 23

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.